20503

МЛАД БОРЕЦ. СКОПЈЕ, 25.X.1972, XXVIII, 26, 14.

**Ликовен живот**

# Одбегнување на едноличноста

ЗА ПРВ ПАТ јавно се манифестира една соработка зачната уште минатата година помеѓу двете институции: Националната библиотека „Климент Охридски" и Музејот на Современата уметност од Скопје. По повод свеченото отворање на новата зграда на библиотеката, Музејот подготви за презентирање во нејзините внатрешни простории избор на скулпторски дела од македонски автори кои ќе се наоѓаат во неговата колекција.

Изложените скулптури ѝ припаѓаат на седмата деценија, деценија мошне значајна во развитокот на современото скулпторско творештво во Македонија. Во овој период кај нас дејствува една поголема група академски образовани млади скулптори. Тие прават напори со својата пластика да внесат оригиналност и новини во концепцијата и во употребата на материјалот. Мошне евидентен е стремежот за ослободување од едноличната естетска насоченост со која се одликуваше скулптурата во Македонија во повоените години, кога главно преовладуваше класичната форма и академскиот реализам.

Сè почесто се отфрлаат традиционалните форми, се разбива структурата на академски обликуваната пластика и се создава регистар на модерно конципирани форми. Се бараат нови и современи видови на експресијата на формата. Се забележува барање на нови изразни средства блиски до актуелните тенденции во современата светска скулптура. Секој уметник — поединец во зависност од својот темперамент и тестика, се определува кон една или друга насока, така што овој современ миг на македонската скулптурска продукција, не постои единствен стил. Металот и разновидните синтетички материјали, својствени на современото индустријализирано општество, најчесто користени во светската скулптура, продираат и во македонското скулпторско творештво. Меѓутоа, македонските скулптори, покрај металот, сè уште мошне често го користат и класичниот материјал — дрвото употребено често и во комбинација со металот, но обликуван во современи форми.

Богатата историска традиција, послободното интерпретирање на имагинацијата, објективната стварност или асоцијацијата за таа стварност се најчесто инспирации присутни во македонската современа скулптура.

Доследната определеност кон човечката фигура во просторот задржувањето на класичната форма и традицијата, со блага стилизација на формите, се забележува кај Боро Митриќески. Кај сите други учесници, главно доаѓа до разбивањето на класичната конструкција на формата со принцип на редукција на масите. Сè уште најблизок до синтетизираната предметна форма е Васко Василев Во неговата пластика од овој период се насетува инспирацијата од архајската и црнечката пластика. Петар Хаџи Бошков, со експресивен драмски зафат и ритмичка градација на масите создава скулптура која може да има асоцијативна содржина и да наметнува интуитивно откривање на пластичниот свет. Стефан Маневски, со користење на отфрлени и неупотребливи во практиката фрагменти на железо, инсистира на неговата рафинирана обработка. Драган Поповски, со нагласена рустикалност на дрвото создава скулптура, која всушност е мошне блиска асоцијација на предметноста. Насо Бекаровски, ориентиран и овој пат кон тематика од наша историја, во својата пластика внесува севидна симболика. Од канонот на описната предметност најмногу се ослободува Бранко Коневски, кој својата пластика ја усмерува кон мошне едноставни, неправилно заоблени чисти форми полни со внатрешна динамика.

**Љ. ДАМЈАНОВСКА**



*Насо Бекаровски: „Македонско деноноќие"*